Врз основа на член 7 став 1 точка 9, а согласно член 26 од Законот за заштита на растенијата („Сл. весник на РМ" бр. 25/98 и 6/2000), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, издава

# НАРЕДБА
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КАРАНТИНСКИ НАДЗОР ПРИ УВОЗ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ НА ПОВЕЌЕГОДИШНИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Со оваа наредба се определува карантински надзор на видовите саден материјал на повеќегодишни растенија од увоз со кои можат да се пренесат карантински растителни болести и штетници, чие присуство не може да се утврди при задолжителниот здравствен преглед на граничен премин (скриени зарази) и условите под кои се следи здравствената состојба на садниот материјал кај крајниот корисник на местото на садењето.

Член 2

Оваа наредба се однесува на живи растенија и сите делови за размножување (растенија во садови со земја, садници, калем - гранчиња, млади гранки, подлоги, фиданки, сејаници, окуланти и др.), освен плодови и семе, на садниот материјал и тоа:

| Ред. број | Видови саден материјал | Карантински растителни болести и штетници |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | Rosaceae; Malus - по потекло од сите земји | Gymnosporangium spp.neevr. Monilinia fructicola Phylosticta solitaria. Apple proliferation phytoplasma Cherry rasp leaf virus Erwinia amylovora |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Prunus - по потекло од сите земји | Apiosporina morbosa Monilinia fructicola Cherry rasp leaf virus Peach Amercan mosaic virus<br>PlumAmerican line patern ilarvirus<br>Peach rosette mosaic nepovirus<br>Apple proliferation phut Plum pox virus<br>Erwinia amylovora |
| 3 | Chaenomeles - по потекло од сите земји | Monilinia fructicola |
| 4 | Crataegus - по потекло од сите земји | Gymnosporangium spp.neevr.<br>Phyllosticta solitaria Monilinia fructicola |
| 5 | Cidonia - по потекло од сите земји | Gymnosporangium spp.neevr.<br>Monilinia fructicola Erwinia amylovora |
| 6 | Pyrus - по потекло од сите земји | Gymnosporangium spp.neevr.<br>Monilinia fructicola Conotrachelus nenuphar Cydia prunivora<br>Aleurocanthus woglumi Erwinia amilovora |
| 7 | Photinia - по потекло од сите земји | Gymnosporangium spp.neevr. |
| 8 | Rubus - по потекло од сите земји | Hamaspora longissima (Thum)<br>Korn Apple mosaic virus in Rubus (soj SAD) Raspberry leaf curi virus |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Rutaceae:Citrus, Fortunela, Poncirus, Aeglopsis, Afraegle, Pamburus, Clause и хибриди од родот Citrus, Fortuneli i poncirus - по потекло од сите земји | Citrus greening bacterium Xantomonas campestris pv.citri<br>Citrus tristeza virus<br>Aleurocanthus woglumi Ashby<br>Diaphorina citri (Kuway)<br>Toxoptera citricida (Kirk.)<br>Tryoza erytreae (Del G.)<br>Radopholus citrophilus Huettel et al.<br>R.similis (Cobb) Thorne |
| 10 | Umbelliferae: Arracacia<br>- по потекло од сите земји | Citrus tristeza virus |
| 11 | Vitaceae: Vitis - по потекло од сите земји | Grapevine Flavescence doree MLO Xanthomonas ampelina<br>Panagopoulos<br>Aleurocanthus woglumi* Ashby<br>Xylella fastidiosa* |

Член 3

Увозникот на садниот материјал за сопствени потреби на повеќегодишни растенија од член 2 на оваа наредба на граничниот инспектор за заштита на растенијата со одобрението за увоз и пријавата доставува и податоци за локацијата на садењето КО (катастарска општина) и број на КП (катастарска парцела) на кој ќе биде засаден увезениот саден материјал.

Ако пратката е наменета за понатамошна продажба во регистрирани објекти согласно член 17 од Законот за семенски материјал, саден материјал и материјал за размножување, признавање, одобрување и заштита на сорта („Службен весник на РМ" бр. 41/2000) врз основа на документите што ја придружуваат пратката и пријавата, граничниот инспектор за заштита на растенијата изготвува Фито санитарен контролен лист, кој е даден во прилог на оваа наредба и е нејзин составен дел.

За пратката од став 2 на овој член увозникот на садниот материјал доставува податоци за крајниот корисник, за локацијата на садењето - КО (катастарска општина) и КП (катастар- ска парцела). До добивањето на овие податоци пратката е под карантински надзор на Државниот инспекторат за земјоделство на место определено со фитосанитарниот контролен лист.

Увозникот доставува извештај до Управата за заштита на растенијата и Државниот инспекторат за земјоделство за продадените количини односно преостанатите количини на садниот материјал.

До добивањето на податоците од став 2 на овој член пратката на садниот материјал од увоз ја чува увозникот под надзор на инспектор од Државниот инспекторат при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 4

Здравствената состојба на садниот материјал кај крајниот корисник се следи со одгледување на растенијата и нивниот развој на определена парцела на крајниот корисник и тоа во траење од две до три вегетациони периоди.

Член 5

Здравствена контрола во текот на вегетацијата се прави најмалку два пати и на другите растенија заради утврдување на домаќинот на карантинските болести и штетници во околина до 100 метри околу парцелата на која се одгледуваат растенијата од увоз.

Додека трае проверката на здравствената состојба на материјал, тие растенија и нивни делови не смеат да се размножуваат ниту да се изнесуваат од определената парцела или да се преместуваат на друга парцела.

Член 6

Сите трошоци за следењето на здравствената состојба како и евентуалните трошоци за уништување на растенијата, ги поднесува увозникот, ако со тоа следење се откријат карантински растителни болести и штетници.

Член 7

Со денот на влегување во сила на оваа наредба престанува да се применува Наредбата за видовите посадочен материјал на повеќегодишни растенија од увоз што подлежат на следење на здравствената состојба кај крајниот корисник и условите на тоа следење („Сл. лист на СФРЈ" бр. 64/1991).

Член 8

Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-11731/1
ноември 2003 година
Скопје

Министер,
**Славко Петров,** с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА**

У. З. Р. Г.П. - ГРАНИЧНА ФИТОСАНИТАРНА КОНТРОЛА

---------- 2003 год. тел: факс:

# ФИТОСАНИТАРЕН КОНТРОЛЕН ЛИСТ

N° --------

Увозник :
Број на превозно сретство:

Извозник:
Одобрение за увоз Б.Р:
N° - Ф.С.:

Транспортер:

| бр | Вид и ботаничко име на растителната роба | Сорта. | Количина во Б.Р. | К.О / К.П |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |

Се забранува пуштање во промет на горенаведената пратка до обезбедување на податоци од член 3 став 2 од наредбата Б.Р.—

КОНТРОЛНИ ЛИСТИ (2 бр) ЈА ПРИДРУЖУВААТ РОБАТА ПОД КАРАНТИНСКИ НАДЗОР ДО НАДЛЕЖНИОТ ИНСПЕКТОР ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ДО МЕСТОТО НА ИСТОВАР----------------------------, ЗА КОНЕЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ

ИНСПЕКТОР:........................ ПРИМИЛ:......................
Фитосанитарна контрола: / ..................../ / ............................ /

| Инспектор во Д.И | | | | Дата ............... |
|---|---|---|---|---|
| бр | Вид на растителна роба | Општо Кгр/број | Кол.зем. пр Кгр/број | Резултати од прегледот и мислење,лабараторис преглед |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |

Издаден фитосанитарен пасош N°. - ...................................
Извештај број од овгластен институт: ..........................................................................

Инспектор ............................ Примил: ............................
/ ......................................./

Фитосанитарен контролор / .................. /